УДК 341.231(497.7):070(497.2)"1903"
УДК 323.17(497.7):070(497.2)"1903"


**Ванчо ЃОРЃИЕВ**[1]

# ВЕСНИКОТ „АВТОНОМНА МАКЕДОНИЈА" ЗА КОНСТИТУТИВНИОТ НОСИТЕЛ НА ПОЛИТИЧКИОТ И НАЦИОНАЛНИОТ ЖИВОТ ВО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

***Апстракт***: Во овој прилог ги разгледуваме и презентираме ставовите на весникот „Автономна Македонија" за конститутивниот носител на националниот, политичкиот и религиозниот живот во слободна автономна Македонија и неговата артикулација во контекст на идентитетот на Македонците како оформен ентитет.

***Клучни зборови***: *Македонија, автономија, Македонија на Македонците, македонски говор, македонска национална идеологија, 1903 година.*

***

Идејата за овој наш прилог произлезе од воведната статија на весникот „Автономна Македонија" бр. 21 од 13.11.1903 година[2]. Во неа, откако се наведени границите на Македонија, се вели дека таа: „брои 2 500 000 жители, од кои 1 500 000 се Славјани, 500 000 Турци, а останатите - Власи, Грци, Евреи и други; така што, во една *слободна автономна Македонија во политички, национален и религиозен однос, главната улога во социјално-политичкиот живот во земјата ќе му припадне на славјанскиот елемент* во којшто засега, за голема жал, се поддржува една поделба од гледна точка на националност и религиозни групи на патријаршисти и егзархисти..."[3]. Веќе во следниот пасус стои: „Во иднина *славјанското македонско население треба да се соедини во една компактна маса*, за да не биде предадена судбината на Македонија во рацете на нејзините непријатели"[4]. Понатаму во текстот е нагласено дека Македонците поради незадоволството од турската управа: „создадоа една *Внатрешна организација* којашто херојски се бори за да извојува една *автономија на Македонија за Македонците*[5], предвидена и гарантирана од големите европски сили"[6]. Подолу во текстот е прецизирано ***„Македонците ја сакаат авто-***

[1] Ванчо Ѓорѓиев, редовен професор, Филозофски факултет при УКИМ - Скопје, e-mail: vancogjorgjiev@yahoo.com
[2] Автономна Македония, год. I, брой 21, София, 23. 11. 1903, 1.
[3] Исто.
[4] Исто.
[5] Истакнатато во курзив насекаде во трудот е според оригиналот.
[6] Автономна Македония, год. I, брой 21, София, 23. 11. 1903, 1.

***номијата за себеси*** и тие се бораат за подобрување на нивната тешка положба, ***а не за присоединување кон било која земја***"[7].

Таквите експлицитни ставови во контекст на македонскиот словенски елемент, односно Македонците како главен (конститутивен) носител на политичкиот, националниот и религиозниот живот во една автономна и независна Македонија, кога во земјата сè уште силно се чувствувал мирисот на згурата, ни наложија да се осврнеме  поконкретно кон весникот „Автономна Македонија".

Во воведната статија во првиот број „Автономна Македонија" (каде вообичаено се поместени програмските определби)  се вели: „Положбата во Македонија е жалосна. Тамошните жители веќе не можат да ги трпат турските свирепости, нивниот живот е неподнослив, (затоа, б.н.) се кренале со пушки, бомби и динамит да се борат очајно со нивниот вековен угнетувач. Весникот 'Автономна Македонија' ќе се стреми на еден рационален начин ***да се постигне подобрување на положбата во Македонија***. За да го исполни чесно и одговорно својот долг весникот 'Автономна Македонија' ќе се труди да доставува најверни сведенија за положбата на мачениците во Македонија. Исто така, весникот 'Автономна Македонија' ќе се занимава и со сите други политички и социјални прашања, кои особено можат да ја интересираат публиката, и без да биде партизански, секогаш ќе се јавува како заштитник на правдата и законитоста. Поради тоа, веруваме дека ќе најдеме добар одглас и нужна поткрепа од сите"[8].

Изнесеното во воведникот е толку воопштено, би рекле непретенциозно и скромно, што на прв поглед не провоцира особено внимание, меѓутоа со посериозен пристап кон содржините во весникот, првичната перцепција брзо се менува.

Во потрагата по информации за весникот „Автономна Македонија" во книгата „Български периодичен печат 1844-1944", во одредницата за споменатиов весник се наведени само елементарни информации: весникот излегува еднаш неделно (сабота) во Софија; одговорен редактор е Ив. К. Марков; името на печатницата; адресата; цената; времето на излегување (од 5 јули до 21 декември 1903 година), како и дека се објавени вкупно 25 броја. Меѓу другото, во оваа кратка одредница весникот е квалификуван како „***македонски весник***, близок до врховистите"[9]. Имајќи ја предвид содржинската концепција на весникот, ние се согласуваме со првата констатација дека станува збор за „македонски весник", меѓутоа тоа не можеме да го кажеме за втората констатција, дека весникот е близок до врховистите.

Во книгата „Преглед на македонскиот печат (1885-1992)" во одредницата за весникот „Автономна Македонија", освен елементарните информации

---

[7] Исто. Болдираното во италик насекаде во текстот е од нас (В. Ѓорѓиев).
[8] Автономна Македония, год. I, София 1903, 5. 07. 1903, брой 1, 1.
[9] Български периодичен печат 1844-1944, т.I, А-М, Наука и Изкуство, София 1962, съставител: Димитър П. Иванчев, 51.

стои дека е продолжение на весникот„Балкан“[10]. Меѓутоа, во истата книга, во одредницата за в. „Балкан“ стои дека истиот продолжил да излегува под името „Куриер“[11]. Поаѓајќи од оваа противречност и имајќи ја предвид редакцијата и уредништвото на двата весника, тогаш очигледно „Автономна Македонија“ не може да се третира како продолжение на в. „Балкан“. Нешто повеќе информации околу карактерот и содржините на предметниот весник се понудени во книгата на Б. Мокров „Развојот на македонскиот печат и новинарство (од првите почетоци до 1945 год)[12]. Во овој осврт, меѓу другото, пишува дека од луѓето коишто играле главна улога за време на Востанието во Македонија, весникот „му се восхитувал на Борис Сарафов“[13]. Оваа констатација, според нас, можеби не е неоснована, но е пресилна. Во име на објективноста, овде ќе укажеме дека во првиот број на „Автономна Македонија“, на страна 4, е поместен знаменитиот портрет на Гоце Делчев, притоа се поместени и 4 песни од Александар Кипров посветени на веќе покојниот Делчев. Истовремено, редакцијата најавува во еден од следните броеви ќе „испечатиме една убава биографија за дејноста на Гоце Делчев“[14]. Додека во бр. 3 илустрирано е претставено убиството на Делчев во Баница[15]. Најавената биографија за Делчев не се појавила на страниците на весникот. Претпоставуваме дека тоа е поради динамиката на настаните во Македонија поради отпочнувањето на Востанието, кои весникот настојува да ги следи. Истакнувањето на овие инсерти за Делчев беше нужно за да укажеме дека Б. Сарафов не е единствениот лик на кој навидум се „восхитува“ весникот, иако можеби последниот имал некакво влијание, или релации со весникот, но и уште еднаш да укажеме дека не стои ниту констатацијата за блискоста на весникот со врховистите, туку дека весникот ја застапува македонската кауза.

Заклучокот на Б. Мокров за весникот „Автономна Македонија“ е дека тој „е на мошне ниско ниво, со мал број на проблеми за третирање, или уште подобро речено, со повторување на еден ист проблем во разни варијанти“[16]. Ова констатација, според нас, е паушална, особено ако се има предвид македонската ориентација на весникот, кој покрај тоа што ја протежира идејата за политичка автономија на Македонија за Македонците, истовремено артикулира извесна ***македонска национална идеологија***, која не е дефинирана, туку едноставно се манифестира низ разни сегменти (јазични, културни, историскиоидентитетски и политички).

[10] Боро Мокров и Томе Груевски, Преглед на македонскиот революционерен печат (1885-1992), НИО „Студентски збор“, Скопје 1993, 30.
[11] Исто, 32.
[12] Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарство од првите почетоци до 1945), Здружение на новинарите на Македонија, Скопје 1980, 196-198.
[13] Исто, 198.
[14] Автономна Македония, год. I, брой 1, София 5.07. 1903, 4.
[15] Исто, брой 3, 26.07.1903, 3.
[16] Б. Мокров, Развојот на македонскиот печат..., 198.

Во прилог кон погоре кажаното ќе истакнеме дека почнувајќи од првиот, па до дванаесеттиот број весникот „Автономна Македонија“ ја објавува драмата „Мајстори“ од Војдан Чернодрински при што изречно е нагласено дека е на *„македонски говор“*[17]. Веќе од наредниот 13-ти, па до последниот 25-ти број, весникот, исто така, на *„македонски говор“* ја објавува драмата „Црне војвода“ од Марко Цепенков[18]. Според тоа очигледно е дека почнувајќи од првиот до последниот број, весникот „Автономна Македонија“ континуирано го афирмира културното творештво на македонските автори - емигранти во Бугарија, при што нагласува дека тоа е на ***македонски говор***. Имајќи предвид дека творештвото на Чернодрински е на дебарски, а на Цепенков на прилепски дијалект, очигледно, весникот овие дијалекти ги третира како *„македонски говор“*, што од современа перспектива, всушност, претставува синоним за македонски јазик којшто во конкретното време не бил кодифициран.

Кога веќе сме кај културата, ќе истакнеме дека „Автономна Македонија“ редовно ги најавува, а потоа и коментира настапите на „Македонската театарска група“ на Војдан Чернодрински, од кои приходите биле наменети за помагање на македонските бегалци во Бугарија[19]. Особен впечаток остава описот за спектаклот што го приредила Македонската театарска група во преполниот салон на трговската кафена, кога според весникот била изведена ***првата македонска опера***. Настапот бил во три дела. Во првиот, концертен дел, настапил хор под диригентство на Хр. Канев, притоа, при изведбата на Divina, сценски бил претставен ранет востаник кому еден ангел му полага венец на главата, а во позадина бил претставен убаво насликан портрет на Гоце Делчев. Во вториот дел била претставена едноактната пиеса *„Зло за зло“*. Особен интерес и ентузијазам кај публиката предизикал третиот дел, при изведбата на *„првата македонска опера - Средба“*[20]. Притоа публиката со громогласен аплауз ги поздравила актерите - учесници во *„првата македонска оперетка“*, како и нејзиниот автор В. Чернодрински[21]. Во најавата за изведбата на „Македонска крвава свадба“ во цирк - тетарот „Б’лгарија“, весникот изразува очекување дека покрај жителите на Софија, претставата особено ќе биде посетена од Македонците[22]. Набрзо потоа, весникот информира дека и покрај тоа што спо-

---

[17] Майстори. Едноактна сцѣна изъ македоно-емигрантски животъ на мак. говоръ, Автономна Македония, год. I, София 1903, брой 1-12. Исклучок претставува број 8 од весникот.

[18] Цьрне войвода. Историческа пиеса въ петъ акта изъ македонски животъ на мак. говоръ, отъ Марко К. Цѣпенковъ. Автономна Македония, год. I, София 1903, брой 13-25.

[19] Види: Автономна Македония, год. I, брой 1, 5.07.1903, 4; брой 6, 9.08. 1903, 3; брой 11, 14.09.1903, 3; брой 12, 21.09.1903, 3; брой 15, 12.10.1903, 3; брой 20, 16.10.1903, 3; брой 21 23.11.1903. 4.

[20] Ова едночинка во стихови В. Чернодрински му ја посветил на Гоце Делчев. Притоа во посвета запишал: „Средба. Едноактна сцена во стихови на простонароден македонски говор од борбите за полит. борби за ослободување од турско ропство, посветена во спомен на апостолот на слободата Гоце Делчев од неговиот соборец и идеен другар Војдан Чернодрински. Факсимил од посветата види: Христо Андонов Полјански, Гоце Делчев, Пула 1985, 166.

[21] Театъръ, Автономна Македония, год. I, брой 6, София, 9.08.1903, 3.

[22] Автономна Македония, год. I, брой 11, 14.09.1903, 3.

менатава пиеса во Софија била изведувана најмалку 10-12 пати, театарот буквално бил преполн, поради што многумина што сакале да ја гледаат претставата се вратиле поради немање место, зашто полицијата ја забранила продажбата на билети за да не се сруши театарот кој бил од штици. Оттука весникот заклучува дека „овој наплив на публика, покажува дека Бугаринот, особено Македонецот, сака театарска уметност...“[23].

Покрај тоа што весникот „Автономна Македонија“ го афирмира македонскиот говор и македонското културно творештво, во историско идентитетска смисла, тој го поврзува македонското население со старите Македонци и Александар Велики. Така, во предвечерието на Востанието, во еден напис во кој се зборува за херојските подвизи и слободарските идеи на „македонските чети“ пишува дека населението коешто од своите средини дава „синови“ коишто го носат „печатот на *старите Македонци*“, таквото население не е осудено да изгине[24]. Притоа се додава дека без оглед што на извесни моменти се создавал впечаток за некакво затишје, тоа не значело дека „***духот на Македонецот*** згаснал“[25]. Под споменатава дописка стои потпис - четник, што ќе рече дека тоа било само чувство и размисла на еден македонски четник и неговите соборци од теренот, а не на канцелариски редактори и автори.

Во контекст на конекцијата што весникот повремено ја гради со античкото минато на Македонија, особен впечаток остава воведната (редакциска) статија од 30 август 1903 година. Со оглед на фактот што статијата излегува во време кога Востанието во Битолскиот округ е жестоко потиснато, редакцијата во името на словенската солидарност со Македонците ги повикува на помош Бугарите, Србите, Црногорците и другите Словени, истовремено апелирајќи Бугарија и Србија да ѝ објават војна на Османлиската Империја. Во статијата меѓу другото пишува: „Ако Македонецот денес е заборавен, историјата ќе води сметка и ќе запише, дека тој кога умираше од јатаганот на својот џелатин пред очите на оние, кои можеа и требаше да му помогнат, беше оставен на својата зла судбина..., да умира, да се валка во сопствената крв.

Треба ли ние да останеме рамнодушни пред борбата, да се самоубиеме? Одговорот за нас е негативен. Кога нам ни се налага да прифатиме заштита на угнетените Македонци, ние треба со радо срце да го направиме тоа. Нам ни е мошне задоволство да одбележиме, дека ***Александар Велики***, тој цар на вселената, што ги посведочил добродетелите на словенското племе, кога кажал дека словените носат херојски срца, и поради тоа заслужуват да го носат великото име славјани, што ќе рече *славни*. Пред да издахне, тој наш велик завештател, изјавил дека го преколнува секој, кој што во иднина би ги злословувал славјаните. Поради нивните воинствени квалитети, тој им ги завештал сите земји од Јадранско Море до океанот на сите ледови. Освен тоа, тој ги заколнал

---

[23] Исто, брой 12, 21.09.1903, 3.

[24] Види: Четникъ, Дѣйствията на четитѣ, Автономна Македония, год. I, брой 2, София 12. 07. 1903, 1-2.

[25] Исто, 2.

своите небесни покровители да ги чуват од несреќи и постојано да им притекнуват на помош на дванаесетте кнезови, потомци на неговите дванаесет другари.

Сега, ***ако Македонците*** не се во положба сами да го запрат своето истребување и да ја подобрат својата положба, тогаш ***Бугарите, Србите, Црногорците и другите Славјани*** се должни да им притекнат на помош на тие браќа по крв и по вера, на оние кои се родени од „мајка дојна“ (Македонија)...“[26] .

Без оглед што пласираната теза е анахрона и неисторична, во случајот битен е политичкиот моментум кога заради етаблирање на Македонците меѓу другите народи, весникот, македонските корени ги поврзува со славното минатото на македонска територија, притоа игнорирајќи ги тезите од околните политички центри кои повикувајќи се на некакви историски права манифестирале отворени претензии кон земјата и народот за кои тврделе дека им припаѓаат ним, но во истовреме воделе меѓусебни преговори за нивна поделба.

„Автономна Македонија“ поаѓа од тезата дека Македонците припаѓаат на словенската група на народи на Балканот какви што според нив биле Бугарите, Србите, Црногорците и другите и затоа ги повикува, тие да ја поддржат борбата за автономија на Македонија на Македонците, дури и со објавување на војна на Османлиската Империја. Така, во воведната статија од 23 август 1903 година, весникот шпекулира дека Бугарија, Србија и Црна Гора требало да формираат политички сојуз и да објават војна за извојување на „*автономна управа*“ за своите браќа под турска упрва, без да ги прошируваат своите територии, туку да ја остават „*автономна Македонија за Македонците*“ како „***самостојна единица - државичка*** во Балканскиот сојуз - федерација“[27]. Притоа весникот истакнува додека во Македонија се пролева братска крв, и додека се слушаат грмежите на топовите и пушките, никој нема право да расудува дали востанието било навремено или не, дали ќе има територијални или државни придобивки, и ги повикува балканските земји да се откажат од неостварливите „мегали идеи“ за да помогнат за ослободување на Македонците. Од друга страна, весникот изразува „поклон пред ***јунаците кои го издигнале македонското име***, поклон пред мачениците за слобода, кои умираат по планините и лежат по затворите“[28]. На крај апелира балканските држави да престанат со меѓусебните интриги и искрено да се зафатат за *неутрализирање* и решавање на македонското прашање врз принципот на рамноправна држава во една Балканската федерација помеѓу Бугарија, Србија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина[29].

„Автономна Македонија“ со особен интерес го следи, поддржува и го афирмира српско-бугарското приближување за време на Илинденското воста-

---

[26] Автономна Македония, год. I, брой 9, София 30. 08. 1903, 1.
[27] Исто, 23.08.1903, 1.
[28] Исто.
[29] Исто.

ние, кое било иницирано од Србија[30], врз основна на идејата за слободна автономна Македонија[31]. Во таа смисла, весникот најпрво прави куса ретроспектива на идејата за српско-бугарски сојуз, притоа потсетувајќи и на српско-бугарската спогодба од 1897 година[32] која не се реализирала зашто не била заснована врз „хумани основи", туку на идејата за „дележ, за да не кажеме грабеж, на Македонија"[33]. Меѓутоа, бидејќи овој пат идејата за српско-бугарското братство била поставена врз принципот за „автономија на Македонија" весникот со восклик пишува: „Дали може срцето да не биде преполно со радост? Дали може да нè ликува секое ***бугарско, српско и македонско срце***, кога сите си подават братска рака и се заколнуват да војуваат заедно против азијатскиот тиранин ***за слободата на несреќната, но славна Македонија***? Не може да има посвечен ден за ***јужните славјани***, од оној, кога тие ќе се обединат, а помеѓу нив се преплита младата, пргава, ***енергична Македонија***, која ги обединува и ниту за момент не им дава помисла за раздори и непријателства".[34] Во тој дух весникот во продолжение пишува: „***Зошто Македонија да не биде самостојна и независна*** како нас, ***зошто таа да не биде четвртата славјанска сестра на Балканот***? ... Ќе настапат денови на среќа, мир и слобода. Ќе настапат денови за култура, просвета и народно сознание. ***Врските меѓу јужните славјани ќе се засилат***, и сите, соединети ***преку целокупна, слободата и автономијата на Македонија***, ќе одат напред со мир и љубов и ќе станат взаемни стражари на татковината, на народните интереси, на својата слобода"[35].

Наполно експлицитни ставови во контекст на претставувањето на Македонците како оформен ентитет, какви што биле Бугарите, Србите, Грците, Романците итн., весникот „Автономна Македонија" застапува во воведната статија од 5 октомври 1903 година. Заговарајќи дека слободните балкански државички треба да ѝ објават војна на Османлиската Империја за да го помогнат ослободувањето на Македонија, во воведникот меѓу другото пишува: „Тогаш дали не е престап од балканските државички, кои претендираат, дека во Македонија, и останатите турски области живеат нивни браќа - сонародници, да чекаат уште, кога треба сите заедно да ѝ објават војна на Турција, ***кога е востанат македонскиот народ***, па да се предизвика вмешување на големите сили, потписниците на Берлинскиот договор, каков што беше случајот со Крит во 1897 година?".[36] Меѓутоа, имајќи ги предвид територијалните и етничките

[30] Повеќе за тоа види: Хр. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том II, Следъ Илинденското въстание, (фототипно издание „Наука и Изкуство"), София 1983, 271-275.

[31] О, Сърбско-българско братство, Автономна Македония, год. I, брой 8,София 23. 08. 1903, 2.

[32] За предметната спогодба види: Михајло Војводић, Србија у међународним односима крајем XIX и почетком XX века, Београд 1988, 124-126; Михајло Миновски, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Докумнти, Архив на Македонија и Филозофски факултет, Скопје 2000, 117-118.

[33] О, Сърбско-българско братство..., 2.

[34] Исто.

[35] Исто.

[36] Автономна Македония, год. I, брой 14, София 5.10.1903, 1.

претензии на соседните балкански држави кон Македонија, весникот истакнува: „најсветата должност ... на балканските државички им налага да се откажат од секакви територијални проширувања и заедно да помогнат и да ја извојуваат ***слободата на Македонија за Македонците***, бидејќи секакви други ветувања и ***признавање народности***, не само што претставува ***фиктивна добивка***, туку и предавство по однос на слободата на своите поробени браќа". Оттука, весникот продолжува: „***Народите востануваат со вера и надеж***, дека ќе им помогнат хуманите држави, макар и не еднакви по племе и вера за извојување на слобода. ***Дали Македонците нè востанале со вера и надеж, дека нивните слободни браќа: Бугари, Срби, Грци и Романци ќе им помогнат за извојување на автономијата на Македонија за Македонците***?!"[37].

Без оглед што весникот „Автономна Македонија" го поддржува српско-бугарското приближување во интерес на македонската кауза, , сепак, не ги испушта од предвид нивните интриги, манипулации и претензии кон Македонија и пошироко во регионот, при што настојува да ги демаскира разните шпекулации поради што истакнува: „***Стравот, дека Македонија може да се присоедини кон Бугарија***, или Босна и Херцеговина кон Србија, или пак, ако останат како одделни единици на Балканскиот Полуостров, ***дека Македонците ќе станат Бугари, а Бошњаците - Срби, е неоснован*** по многу причини, ***за да не кажеме злобен*** од завист"[38].

Во прилог на нашава констатација како „Автономна Македонија" ја афирмира тезата дека Македонците се засебен ентитет, оди и тоа, што весникот повремено пренесува погледи и ставови од актуелниот печат во врска со македонското прашање, каде може да се види токму тоа. Така, весникот пренесува извадок од едно интервју со Стојан Михајловски[39], дадено за весникот „Ден" каде што тој истакнал дека во интерес на македонската кауза треба да се дејствува за придобивање на европското општествено мнение. Притоа, според Михајловски, во Европа требало да се испрати „една делегација ***исклучиво од Македонци*** ... кои пред светот ќе изложат ***што бараат Македонците*** и воопшто каква е положбата таму". Тоа било нужно зашто: „***Во Европа сакаат да видат чисти Македонци***, да ги чујат, зашто таму, речиси и ***не веруваат на друг, кој што не е Македонец***, дека може да ја зборува отворено вистината за македонското прашање; таму дури мислат дека ***ние Бугарите*** кога говориме за македонските теглила, говориме како заинтересирани луѓе од надвор..."[40].

Впечатокот дека Македонците се засебен ентитет провејува и од текстовите на влијателниот француски интелектуалец Анатол Лероа Болио (Anatole Leroy-Beaulieu) што ги пренесува „Автономна Македонија". Така во

---

[37] Исто.
[38] Свободна Македония и Сърбско-Блъгарския съюзъ, Автономна Македония, год. I, брой 17, София 26.10.1903, 1.
[39] Стојан Михајловски (1856, Елена - 1927, Софија), претседател на Врховниот македоно-одрински комитет (1901-1903).
[40] Изъ Вѣстицитѣ, Автономна Македония, год. I, брой 3, София, 19. 07. 1903, 4.

текстот „Македонија, Србите и Грците", меѓу другото пишува: „Нешто поболно, за да не кажеме поодвратно од хамидовиот тирански режим и недобросовесност, тоа е поведението на извесни балкански држави, држави кои гордо го носат христијанското име, и кои што, наспроти маченииштвото на ***македонската народност***, не се срамат да станат соучесници на угнетувачите на нивните браќа по религија и подржувачи на непријателите на европската цивилизација"[41]. Во продолжение на текстот стои: „Кога изгледаше дека Бугарите сакаат да ја присоединат Македонија, оцртана од генерал Игнатиев во Сан Стефано, Грците имаа право да протестираат во име на елинизмот. Меѓутоа, денес, кога ***Бугарите и Македонците се согласија***, да ја рекламираат само автономијата на Македонија, прашањето се промени. Автономијата на провинцијата, оспорувана од различните соседни народи, беше една формула, која требаше да доведе до согласност меѓу Бугарите, Србите и Грците. Но, Грците не го разбраа тоа. Тие си помислија дека ако се оствари таа нова програма, со автономна Македонија, ќе се случи истото, како и со Источна Румелија.[42] Ние не веруваме дека се такви стремежите на ***македонските патриоти***. ***Нивната мечта - нивниот идеал е многу повисок***. Тие не мечтаат за друго, освен од слободна Македонија да создадат јатка за една Балканска федерација, која би имала задача да ги помири сите народности на Балканскиот Полуостров "[43].

Македонците како засебен ентитет се претставени и во статијата „Ерменци и Македонци" од Анатол Лероа, која „Автономна Македонија" ја презема од весникот „L' Europeen". Во неа меѓу другото пишува: „Денес на исток има ***два народи или две раси***, кои се еднакво загрозени од истребување и за кои што ние секогаш ќе го издигнеме својот глас и ќе го свртуваме вниманието на Европа, која свечено им ветуваше помош и покровителство. Разбирате дека сакам да кажам за ***Ерменците и македонските славјани***..."[44]. А. Лероа, осврнувајќи се кон руската политика, смета дека „***Ерменците и Македонците*** напразно ја очекуваат" еманципаторската мисија на Русија, зашто таа ги жртвувала, заради своите интереси на далечниот исток[45]. Според Лероа, малодушната руска политика „по ***ерменските и македонските работи"*** која си ласкала дека го обезбедува мирот, всушност „повеќе ги компромитира и разјарува ***Македонците и Бугарите од Кнежеството***" наместо да го запре „истребувањето на ***Македонците и Ерменците***" со свикување на една европска конференција по руска иницијатива[46].

Осврнувајќи се на европските погледи по македонското прашање, особено на Австрија, весникот „Автономна Македонија" резимира, дека австрис-

---

[41] Македония, Србитѣ и Гърцитѣ, отъ Анатолъ Лероа Болио, Автономна Македония, год. I, брой 8, София 23.08.1903, 1.

[42] Се алудира на обединувањето на автономната провинција Источна Румелија со Кнежеството Бугарија во 1885 година.

[43] Македония, Србитѣи Гърцитѣ, ..., 3.

[44] Арменци и Македонци, Автономна Македония, год. I, брой 13, София 28.09.1903, 1.

[45] Исто, брой 14, София 5.10.1903, 2.

[46] Исто, 2.

ките погледи се сведувале кон тоа, што за главни виновници за предизвиканите турски ѕверства во Македонија „треба да се сметатат ***самите Македонци и Бугарите кои им соочувствуваат***, кои со своите револуционерни комитети и попречувале на Турција да ги спроведе предложените реформи“[47].

Од изложеново очигледно е дека според весникот „Автономна Македонија“ Македонците се засебен ентитет, различен од Србите, Грците, Бугарите, Романците и другите, чие легитимно право на самостоен политички и национален живот, меѓу другото, било попречено и од „***антагонизмот на верските и националните пропаганди***“[48]. Во таа смисла во воведната статија од 16.11.1903 година, пишува: „Балканските државички: Бугарија, Србија и Грција, како и Романија, ***кои што претендират***, дека во Македонија ***имат свои сонародници за кои издвојуват доста крупни суми зарди цркви и училишта, наместо да притекнат на помош***, објавувајќи ѝ војна на Турција, како што притекнувале на помош за нивното ослободување Русија и другите држави, некои однив ***дури пречат, како на Македонците,*** така и на големите сили за побрзо правилно решавање на македонското прашање“[49].

Од изложеново очигледно е дека весникот „Автономна Македонија“ артикулира извесна македонска национална идеологија која се манифестира низ разни форми, почнувајќи од афирмација на македонското културно творештво на македонски говор до афирмација на македонското име и Македонците како засебен ентитет, како и каузата на македонските патриоти под водство на ТМОРО со девизата „автономија на Македонија за Македонците“.

Кога сме при крајот од овој прилог, ќе се вратиме на самиот негов почеток „Кој би бил конститутивен носител на политичкиот, националниот и религиозниот живот во слободна автономна Македонија“? Како што истакнавме на почетокот, според воведната статија во бр. 21 од 13.11.1903 година, во „Автономна Македонија“ во слободна автономна Македонија главната улога во социо-политичкиот живот од ***политички, национален и религиозен однос***, треба да му припадне на ***славјанскиот елемент***, односно македонското славјанско население кое во конкретниот момент од религиозен аспект било поделено на патријаршисти и егзархисти што, пак, од своја страна повлекувало различни национални тенденции. Поради тоа, весникот смета дека во иднина славјанското македонско население треба да се обедини во една компактна маса. Во таа смисла, се нагласува дека разните национални и религиозни пропаганди „прекрасно го разбрале значењето на славјанското население во судбината на Македонија“ поради што, тие ги свртеле сите погледи кон него, за да ги обезбедат неговите симпатии за себе, првин во религиозен и национален однос, а потоа и во политички[50]. Овој став за обединување на „славјанското ма-

[47] Възгледитѣ на Европа по Македонския въпросъ прѣди и сега, Автономна Македония, год. I, брой 21, София 23,11.1903, 2.
[48] Автономна Македония, год. I, брой 20, София 16.11.1903, 1.
[49] Исто.
[50] Автономна Македония, год. I, брой 21, София, 23. 11. 1903, 1-2.

кедонско население" во една „компактна маса" како одговор на разорните дејства на „разните религиозни и национални пропаганди" коинцидира со чл. 1 и 2 од Уставот на ТМОРО[51].

Според весникот „Автономна Македонија" предводник во борбата за „***автономија на Македонија за Македонците***" е Внатрешната организација која била создадена од незадоволните Македонци под турска упрва. Притоа се нагласува дека „***Македонците ја сакаат автономијата за себеси*** и тие се борат за подобрување на нивната тешка положба, ***а не за присоединување кон било која земја***". Од друга страна, во истиот воведник се вели дека таквата борба на Македонците била помагана од „*надворешната организација*" на Македонците емигранти во Бугарија. Меѓутоа, на македонските емигранти во Србија, Грција и Романија, не само што не им било дозволено да се организираат туку ,напротив, биле преследувани, а откако Русија и Австро-Унгарија ја презеле иницијативата за реформи во Македонија со европска контрола, првоспоменативе земји почнале да се плашат и оплакуват од „***целиот македонски народ, без разлика на убедување***"[52]. Сепак, весникот изразува надеж дека Србија ќе смогне сили и согласно постојните закони ќе допушти организирање на македонските емигранти за помагање Македонците и тоа директно преку Задграничното претставништво на Внатрешната организација. Во таа смисла се истакнува дека Србија, како и Бугарија се должни да ги поткрепат барањата на Македонска организација со сила да се извојува *автономија на Македонија за Македонците*.

Осврнувајќе се на штотуку донесените Мирштегски реформи,[53] кои во тоа време од султанот биле прифатени „во принцип" што во дипломатијата било еднакво на „ќе видиме", весникот истакнува дека ако Султанот искрено бил наклонет да ги прифати реформите, тогаш би било подобро да ги прифати барањата на Македонците за автономија на Македонија со губернатор христијанин под негово сизеренство, бидејќи во спротивно Русија и Австроунгарија би можеле реформите да ги свртат исклучиво во своја корист, и да го направат

[51] Чл. 1 од Уставот на ТМОРО гласи: „Тајната Македоно-Одринска Револуционерна Организација има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија на тие две области". Додека чл. 2 гласи: „За постигање на таа цел Организацијата се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и националните караници, кои го цепаат и обесилуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател; дејствува за внесување на револуционерен дух и свест кај населението и ги употребува сите средства и усилби за поскорешно и своевремено вооружување на населението со сè што е неопходно за едно општо и повсемесно востание". Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи, Скопје 2013, 106.

[52] Автономна Македония, год. I, брой 21, София, 23. 11. 1903, 1.

[53] За Мирштегските реформи види: Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Табернакул, Скопје, 2003,22-2; Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот. Сто години од Балканските војни (прилози од Научниот собир одржан на 3-4 декември 2012, МАНУ, Скопје, 2013, 107-126.

истото што своевремено Прусија и Хабзбуршката монархија го сториле со Шлезвиг и Холштајн. При таков развој на настаните, Султанот, откај Македонија би имал силен сосед што би го довело во опасност неговиот трон. Затоа за Султанот би било подобро да претпочита за соседи да ги има Македонците, наместо Австријците и Русите. Оттука, весникот заклучува дека Султанот сè уште имал можност да изјави дека наместо предложените реформи од Русија и Австро-Унгарија, ја повлекува својата администрација од Македонија и ја дава автономијата што ја барале Македонците, во спротивно ризикувал да го изгуби и Цариград[54].

[54] Автономна Македония, год. I, брой 21, София, 23. 11. 1903, 2.

**Резиме**:

Весникот „Автономна Македонија излегувал како неделник во периодот од 5 јули до 21 декември 1903 година, притоа се објавени вкупно 25 броја. Основен лајтмотив на весникот е девизата „Автономија на Македонија за Македонците“. Според весникот главен (конститутивен) носител на политичкиот, националниот и религиозниот живот во слободна, автономна Македонија треба да биде македонскиот словенски елемент, односно Македонците. Оттука весникот „Автономна Македонија“ артикулира извесна македонска национална идеологија, која се манифестира низ разни сегменти (јазични, културни, историскио-идентитетски и политички). Почнувајќи од првиот до последниот број, весникот континуирано го афирмира културното творештво на македонските автори - емигранти на „македонски говор“, притоа одбележувајќи го и изведувањето на „првата македонска опера“.

Во историско идентитетска смисла, „Автономна Македонија“ корените на македонското население ги поврзува со славното минато на македонската територија, односно со старите Македонци и Александар Велики. Притоа весникот смета дека Македонците припаѓаат кон словенската група на народи на Балканот и ги третира како засебен и оформен ентитет.

**Summary:**

The journal “Автономна Македонија” (“Autonomous Macedonia”) circulated as a weekly from July 5 to December 21, 1903, a total of 25 issues being published. The basic recurring theme of the newspaper is the motto “Autonomy of Macedonia for the Macedonians”. According to the journal, the main or constitutive bearer of political, national and religious life in a free, autonomous Macedonia should be the Macedonian Slavic element, i.e. the Macedonians; hence, the journal articulates a certain Macedonian national ideology, which manifests itself through various segments (linguistic, cultural, political, but also pertaining to history and identity). Through all issues, the journal continuously affirms the cultural creativity of Macedonian immigrant authors in the so-called “Macedonian vernacular”, also commemorating the performance of the “first Macedonian opera”.

In terms of historical identity, “Autonomous Macedonia” attaches the roots of the Macedonian population to the glorious past of the territory of Macedonia, that is, to ancient Macedonia and Alexander the Great. However, the journal considers the Macedonians a member of the Slavic group of peoples in the Balkans and treats them as a separate and fully formed entity.

**Користесна литература и извори:**


1. Автономна Македония, год. I, брой 1- 25 София, 1903.

2. Андонов Христо Полјански, Гоце Делчев, Истарска Наклада, Пула 1985.

3. Български периодичен печат 1844-1944, т.I, А-М, Наука и Изкуство, София 1962, съставител: Димитър П. Иванчев.

4. Војводић Михајло, Србија у међународним односима крајем XIX и почетком XX века, Београд 1988.

5. Ѓорѓиев Ванчо, ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи, Матица Македонска, Скопје 2013.

6. Ѓорѓиев Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот. Сто години од Балканските војни (прилози од Научниот собир одржан на 3-4 декември 2012, МАНУ, Скопје, 2013.

7. Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт. Македонското революционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Табернакул, Скопје, 2003.

8. Миновски Михајло, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Документи, Архив на Македонија и Филозофски факултет, Скопје 2000.

9. Мокров Боро и Груевски Томе, Преглед на македонскиот революционерен печат (1885-1992), НИО „Студентски збор", Скопје 1993.

10. Мокров Боро, Развојот на македонскиот печат и новинарство од првите почетоци до 1945), Здружение на новинарите на Македонија, Скопје 1980.

11. Силянов Хр., Освободителнитѣ борби на Македония, том II, Следъ Илинденското въстание, (фототипно издание „Наука и Изкуство"), София 1983.